

# Трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија:

## фактори на ризик, трендови и предизвици

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

# Трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија:
## фактори на ризик, трендови и предизвици

Совет на Европа
декември 2022 година

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

**ИЗДАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК: ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ СО ЦЕЛ ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ФАКТОРИ НА РИЗИК, ТРЕНДОВИ И ПРЕДИЗВИЦИ**

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа преку заедничкиот проект „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија". Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање". Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

**Дизајн и графичка обработка на корица:**
Маркетинг агенција Division

**Насловна фотографија:**
Shutterstock

**© Совет на Европа, ноември 2022 година.**
Сите права се задржани.
Правата на користење ги има
Европската Унија под одредени услови.

# Содржина


**Благодарност** 7

**Листа на кратенки** 8

**I. Вовед** 9

**II. Состојба во земјата со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација – развој од 2017 година** 18

Видови трговија со луѓе и експлоатација, профили на жртви (2017-2021 год.) 19

Родови аспекти на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација 20

Гонење и пресуди 22

Јавна свест за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација 24

**III. Проценка на ризикот во контекст на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација** 26

Сиромаштијата како фактор на ризик за трговија со луѓе 26

Пазар на трудот 26

Нивоа на вработување 27

Неформална економија 28

Влијание на КОВИД-19 врз пазарот на трудот 31

Недостиг на работна сила 33

Пристап до пазарот на труд за ранливите групи - Роми 34

Групи со ризик од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација 35

Работници мигранти 37

Емиграција, миграција на млади и трудова миграција кон ЕУ 42

Влијание на информацискатa и комуникациската технологија (ИКТ) 43

**IV. Заклучоци и предлози за акција** **45**

**Библиографија** **51**

**АНЕКС I. Преглед на релевантни меѓународни инструменти** **55**

**АНЕКС II. Преглед на случајот Сербаз** **65**

# Благодарност

Проектот „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија“ изразува благодарност до следните национални и меѓународни консултанти и практичари кои дадоа вреден придонес и експертиза, со што во голема мера помогнаа при подготовката на оваа студија.

**Горан Ристовски** е независен експерт со големо искуство во борбата против трговијата со луѓе. Тој работел како главен инспектор и началник на Одделението за борба против трговијата со луѓе во Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.

**Ирена Здравкова** е адвокат и програмски менаџер во невладината организација „Македонско здружение на млади правници“. Таа е член на тимот за борба против трговијата со луѓе и дава бесплатна правна помош на потенцијалните жртви на трговијата со луѓе. Таа има широки правни познавања и практично искуство за прашањата поврзани со трговијата со луѓе, миграцијата и азил.

**Клара Скриванкова** е меѓународен консултант за прашања на модерното ропство и одговорен бизнис. Таа работеше за неколку граѓански организации, како што се Антислејвери интернешнал, Ла Страда и Иницијативата за етичка трговија. Таа е фасилитатор, обучувач и автор на бројни публикации.

**Кјмет Амет** е истражувач за инклузија на Ромите и правата на жените. Таа е програмски менаџер на невладината организација Лулуди, која настојува да постигне родова еднаквост и заштита на правата на жените.

**Лазар Јовевски** е професор на Правниот факултет на Универзитетот „Св .Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговата експертиза ги опфаќа законодавството и политиките од областа на трудот и социјалната заштита во Северна Македонија. Тој има дадено свој придонес во проектите на Меѓународната организација за труд и Советот на Европа.

**Марија Ристеска** е основач и извршна директорка на Центарот за истражување и креирање политики. Доктор е по политички науки на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје и магистер по европска јавна администрација и јавни политики на Католичкиот универзитет во Лувен. Таа е специјализирана за родови прашања.

# Листа на кратенки

ВПОН Водечки принципи на ОН за бизнис и човекови права

ГРЕТА Експертска група за борба против трговија со луѓе на Советот на Европа

ЕКЧП Европска конвенција за човекови права

ЕУ Европска Унија

ИКТ Информатичка и комуникациска технологија

МОТ Меѓународна организација на трудот

СОП Стандардни оперативни процедури за третман на жртвите на трговија со луѓе

ЦИКП - Центар за истражување и креирање политики

# I. Вовед

Оваа студија е изработена во рамките на проектот „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија", имплементиран во рамките на заедничката програма на Европската Унија - Совет на Европа, Хоризонтален механизам за Западен Балкан и Турција 2019-2022 година. Нејзината цел е да обезбеди актуелни информации за трендовите и предизвиците поврзани со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија, да ги доразјасни ризичните фактори и да предложи начини за нивно спречување или ублажување. Првиот извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија е објавен во мај 2017 година.[1] Истиот ги анализираше правните, политичките и институционалните рамки, како и напорите што ги преземаат владата, синдикатите, граѓанското општество и приватниот сектор за справување со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Оттогаш новите случувања и трендови бараа дополнителни истражувања кои беа спроведени од група консултанти во 2021-2022 година и доведоа до подготовка на оваа публикација. Консултантите собраа податоци преку анализа на литература и преку поднесување барања за информации до институциите. Примарни податоци не беа собрани, но информациите беа анализирани со помош на триангулација на секундарните извори.

Студијата се базира на претпоставката дека изработувањето ефективни превентивни стратегии против трговијата со луѓе бара разбирање на поширокиот социјален и економски контекст и на структурните фактори што ги прават поединците и заедниците ранливи на трговија со луѓе. Таа ја препознава потребата владите да направат промена од пристап заснован на усогласеност кон пристап заснован на ризик во развојот на мерките против трговијата со луѓе. Затоа основата за

[1] Клара Скриванкова, Лазар Јовевски, Извештај за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, 2017 год.; достапен на: https://rm.coe.int/report-trafficking-in-human-beings-for-labour-exploitation-in-the-form/168073798f

спроведување на овие стратегии е проценката на ризиците кои водат до трговија со луѓе. Фокусирањето на овие ризици ќе ги подобри идентификувањето и приоритизацијата на соодветните корективни мерки.

Иако до денес не е развиена сеопфатна методологија за проценка на ризиците од трговија со луѓе, студијата има цел да обезбеди увид во структурните фактори (како што се ставовите кон етничките малцинства, длабоко вкоренетата дискриминација, социјалното отуѓување што доведува до економски лишувања, половата дискриминација...), како и приближните варијабли (пристап до пазарот на труд, неформална економија, лошо спроведување на законот, слаба свест кај ранливите заедници и пошироката јавност). Анализата на овие фактори и варијабли се очекува да придонесе за подобро разбирање на основните причини за трговијата со луѓе, како и на ситуациите и околностите кои предизвикуваат ранливост.

Пристапот на борбата против трговијата со луѓе заснован на ризик им овозможува на засегнатите страни да ги идентификуваат и да дејствуваат во однос на потенцијалните ризици и да одговорат со насочување на мерките кон основните причини. Пристапот на длабинска анализа базирана на ризик овозможува да се откријат фактори како:

- Ранливоста на поединецот/заедницата што може да го зголеми ризикот од експлоатација поради одредени карактеристики (на пр. раса, пол, попреченост, возраст) или ситуации (да се биде мигрант, да се биде сиромашен, да се биде невработен).
- Структурите и системите кои можат да доведат до експлоатација, како што се оние поврзани со пазарот на труд и деловните операции (на пр., практики на подизведување и аутсорсинг во одредени сектори; недостаток на регулација на агенциите за вработување); економијата (на пр. висока невработеност или недостиг на работна сила во одредени сектори) или управување со миграцијата (на пр., врзани визи за одредени категории работници).

## Клучни поими и дефиниции

За да го зајакне спроведувањето на обврската за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, ГРЕТА објави Збирка на добри практики во справувањето со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација и  Упатство за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација (во натамошниот текст: Упатство на ГРЕТА), кои даваат преглед на мерките што може да ги преземат државите членки и ги објаснуваат клучните поими и дефиниции.

Како што е забележано во Упатството на Групата експерти на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА), меѓународно договорената дефиниција за трговија со луѓе, која фигурира во членот 4 од Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе, како и во други инструменти е комбинација од три компоненти: „акција" (регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање лица), кое е извршено преку употреба на „средства" (закана или употреба на сила или други форми на принуда, киднапирање, измама, залажување, злоупотреба на моќ или положба на немоќ или со давање или примање пари или корист заради постигнување согласност на некое лице кое има контрола над друго лице), со „цел" експлоатација. Дефиницијата дава отворена листа на практики на „експлоатација", кои вклучуваат експлоатација на проституција на други или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. Согласноста на лицето за планираната експлоатација е ирелевантна кога било употребено некое од претходно споменатите „средства" или кога лицето кое е жртва на трговија со луѓе е дете".[2]

Упатството на ГРЕТА понатаму истакнува дека „трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација" како термин се

---

[2] ГРЕТА, Упатство за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација (2020), стр. 4. Достапно на: http://rm.coe.int/guidance-note-on-preventing-and-combating-trafficking-in-human-beings-/1680a1060c

користи за да се направи разлика меѓу трговијата со луѓе со цел сексуална експлоатација и трговијата со луѓе за експлоатативни цели во различни економски сектори, како во формалната, така и во неформалната економија. Поимот „трудова експлоатација" во контекст на трговијата со луѓе се користи за да се опфатат, најмалку, принудната работа или услуги, ропството или практики слични на ропството и слугувањето, поими кои се добро прифатени во меѓународното право, вклучително и во судската практика на Европскиот суд за човекови права во однос на членот 4 од Европската конвенција за човекови права (ЕСЧП). Особено, принудната или задолжителна работна сила е дефинирана во членот 2 (1) од Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот (МОТ) за заштита од принудна или задолжителна работа (бр. 29 од 1930 година) како „секоја работа или услуга која се изнудува од некое лице под закана од каква било казна и за којашто наведеното лице не се пријавило доброволно".[3]

## Континуум на експлоатација

Поимот експлоатација се споменува, но не е дефиниран во меѓународното право. ГРЕТА посочува дека „Непостоењето јасна дефиниција за ‚експлоатација' го отежнува повлекувањето на границата меѓу експлоатацијата во смисла на кршење на работничките права и екстремната експлоатација во форма на принудна работа. Во контекст на трговијата со луѓе, постои општа поддршка за разбирање на „експлоатацијата" - во смисла на неправедно искористување на ранливоста или состојбата на потреба на друго лице - како континуум,[4] иако е слабо дефиниран и не е статичен. Од една страна, има ситуации кои претставуваат прекршување на трудовото право, како што е неисплаќањето задолжителна минимална плата, а од друга страна има ситуации каде што постои неправична предност, а предизвиканата

[3] Ibid, стр .4, Види Анекс I за листа на релевантни меѓународни договори.

[4] Клара Скриванкова, Помеѓу пристојната работа и принудната работа: испитување на континуумот на експлоатација, Фондација Џозеф Роунтри, ноември, 2010 година.

штета е многу тешка. Во моментов, не е јасно каде во овој континуитет трудовата експлоатација преминува од тоа да се смета како проблем на трудовото право до прашање од кривичното право."[5]




**Слика 1: Континуум на експлоатација**

## Трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација: голем предизвик во Европа и на глобално ниво

Извештаите на ГРЕТА покажуваат дека трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација е во пораст низ цела Европа.[6] Таа се јавува во голем број сектори на економијата, вклучувајќи ги градежништвото, угостителството, земјоделството, домашната работа, производството, чистењето и кетерингот. Се среќава и во формалната и во неформалната економија и се однесува на жените, на мажите и на децата.

ГРЕТА истакна дека спречувањето и борбата против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација е предизвик од многу аспекти. Една од најголемите пречки во напорите за борба против трговијата со луѓе е тоа што чинителите против трговија со луѓе и општата популација немаат јасно разбирање за поимот на трговијата со работна сила. Свеста кај институциите за спецификите на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација долго време заостанува зад свеста

---

[5] ГРЕТА, Упатства за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, Совет на Европа, стр. 5.

[6] ГРЕТА, Тематско поглавје за трговија со луѓе за целта на трудовата експлоатација во Седмиот генерален извештај на ГРЕТА, 2017 година

за трговијата со луѓе со цел сексуална експлоатација. Ова влијаеше на способноста за проактивно да се идентификуваат ситуациите на трудова експлоатација. Разликите во толкувањето и практичната примена на работните стандарди и разбирањето на трудовата експлоатација претставуваат дополнителни предизвици.[7]

Во извештајот за 2017 година подготвен во рамките на Хоризонталниот Инструмент I се идентификувани четири области кои бараа внимание од страна на властите на Северна Македонија:

- Да се усвои рамка на политиката (ревизија на Националниот акционен план и стратегија за вклучување на Државниот инспекторат за труд и на Државната агенција за вработување како чинители задолжени за борба против трговијата со луѓе) во согласност со Водечките принципи на Обединетите нации за бизнис и човекови права и Препораката на Советот на Европа за човекови права и бизнис, и да се размисли за усвојување натамошна регулатива за приватните агенции за вработување;
- Да се осигури дека Инспекторатот за труд е вклучен во Стандардните оперативни процедури за третман на жртвите на трговија со луѓе и да се зголеми капацитетот на Инспекторатот за труд за спроведување проактивни истраги за идентификување и спречување трговија со луѓе во идентификуваните области на ризик;
- Да се подигне свеста за ризиците од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација поврзани со работењето на пазарот на трудот и да се вклучат синдикатите и приватниот сектор во развојот и спроведувањето на политиката против трговија со луѓе;
- Да се почне пилот проект за проактивна идентификација во ризичните индустрии (како што се земјоделството, производството на текстил, на чевли и на кожа), со учество на невладини организации, синдикати, приватен сектор и меѓуагенциска соработка.

[7] Ibid.

Вториот извештај за евалуација на ГРЕТА за Северна Македонија (2018 година)[8] препорача, *меѓу другото,* националните власти да вложат напори за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација преку:

- Продолжување на подигнувањето на свеста за ризиците од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, како во земјата така и во странство;
- Обука и сензибилизирање на релевантните службеници, особено трудовите инспектори, обвинителите и судиите, за трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација и за правата на жртвите;
- Проширување на мандатот на инспекторите за труд за да ги покријат нерегистрираните бизниси и приватните домови и да им обезбедат ресурси и насоки за да можат активно да се вклучат во спречувањето на трговијата со луѓе;
- Воведување лиценцирање и следење на агенциите за вработување и за привремена работа;
- Соработка со приватниот сектор и синдикатите во согласност со Водечките принципи за бизнис и човекови права;
- Зголемување на напорите за проактивно идентификување на жртвите на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација преку зајакнување на улогата и обуката на трудовите инспектори и обезбедување на Инспекторатот за труд со алатки и ресурси потребни за ефикасно спречување и борба против трговијата со луѓе;
- Посветување поголемо внимание на откривањето на потенцијалните жртви на трговијата со луѓе меѓу мигрантите и барателите на азил и со обезбедување пристап до толкување за олеснување на процесот.

Во рамките на проектот „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија", од 2017 година досега се реализирани голем број активности за справување

---

[8] ГРЕТА, Извештај во врска со спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе од „Поранешна Југословенска Република Македонија", 2017 год., достапен онлајн: https://rm.coe.int/greta-2017-39-frg-mkd-en/168078aeba

со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Активностите се фокусираа на обука на трудови инспектори и вклучување на трудовите инспектори во СОП за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе. Околу 90 отсто од трудовите инспектори во Северна Македонија беа обучени да препознаваат знаци на трговија со луѓе за време на инспекциите. Сепак, речиси половина од нив се пензионираа во изминатите години, поради што е важно нововработените трудови инспектори да добијат обука на оваа тема. Други активности на проектот се фокусираа на подигнување на свеста кај пошироката јавност и младите, особено две кампањи за трговија со работна сила спроведени во соработка со невладините организации Отворена порта и Здружението на новинари за човекови права.

Кога се испитуваат факторите на ризик кои може да доведат до трговија со работна сила, однесувањето на чинителите од приватниот сектор е еден од факторите што треба да се земат предвид. Во Европа и во светот сè повеќе се забележува вкрстувањето на водењето бизнис со кршењето на човековите права. На пример, Европската комисија истакна дека „Мрежите за трговија со луѓе сè повеќе покажуваат нивоа на професионализам и експертиза, што прави нивната активност да изгледа како корпоративен бизнис многу повеќе отколку во минатото. Земјите членки го истакнаа постоењето синергија меѓу рамката на политиката против трговијата со луѓе и јавните политики усвоени на национално ниво во сродните области, како што се организираниот криминал, безбедноста, бизнисот и човековите права.“[9]

Во 2011 година беше воведен првиот меѓународен необврзувачки инструмент за бизнис и човекови права, Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права (ВПОН). ВПОН ги резимираат мерките што се очекува да ги преземат државите за заштита на луѓето од злоупотреба на човековите права од страна на трети страни, како што се бизнисите и работодавачите, како големите компании (како што се мултинационалните компании или големите фабрики со бројни добавувачи), така и малите или средните, како

[9] Европска комисија, Трет извештај за напредокот постигнат во борбата против трговијата со луѓе (2020 год.) согласно член 20 од Директивата 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви стр. 61.

што се индивидуалните земјоделци кои вработуваат еден или двајца земјоделски работници. Овие мерки имаат цел да спречат многу поширок спектар на злоупотреби, отколку само формите на експлоатација поврзани со трговијата со луѓе.[10] По воведувањето на ВПОН компаниите се сè повеќе обврзани да направат длабинска анализа на човековите права.[11] Во 2021 година Европскиот парламент одобри нацрт на ЕУ Директива за задолжителна длабинска анализа на човековите права, животната средина и доброто владеење. Се очекува ЕУ да ја одобри Директивата во 2022 година и таа да стане закон во 2023 година.

Иако трговијата со луѓе не е секогаш експлицитно спомната во овие документи, може да се заклучи дека директивата фокусирана на злоупотребите на човековите права, која се однесува на Европската конвенција за човекови права има намера да ја опфати трговијата со луѓе како една од злоупотребите на човековите права.

Советот на Европа, исто така, се осврна на овие прашања, вклучително и преку Резолуцијата 2311(2019) за човекови права и бизнис на Парламентарното собрание на Советот на Европа, по препораката 2166(2016) на истата тема. Новата препорака за борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, која се однесува и на улогата на приватниот сектор, е во процес на усвојување.[12] Понатаму, како дел од платформата за е-учење Help, Советот на Европа во 2021 година овозможи нов онлајн курс за обука за бизнис и човекови права, како и нов модул за борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, кој беше вклучен во веќе постојните курсеви за е-учење за работнички права и за борба против трговијата со луѓе.

---

[10] Мајк Дотриџ, Совет на Европа 2016 год., достапно онлајн: Добра практика која произлегува од државните органи, бизнис заедницата и граѓанското општество во областа на намалувањето на побарувачката за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

[11] На пример, Обединетото Кралство го воведе Законот за модерно ропство во Велика Британија (2015 год.) со клаузула за транспарентност во синџирите на набавка; Холандија го воведе законот за длабинска анализа на детскиот труд кој ќе стапи во сила во 2022 година; во 2021 година Германија усвои закон со кој се бара одредени компании да направат длабинска анализа на човековите права.

[12] Нацрт-препорака на Комитетот на министри до земјите членки за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова есклпоатација и Објаснувачки меморандум

# II. Состојба во земјата со трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација – развој од 2017 година

Општествено-политичкиот контекст во Северна Македонија е турбулентен во последниве години и тоа дополнително се искомплицира со избувнувањето на пандемијата на КОВИД-19. Основните економски показатели укажуваат на големи економски разлики, ниски плати и ризици од сиромаштија, особено за маргинализираните групи:

- Минималната плата во Северна Македонија во 2022 година изнесувала 18 000 денари (приближно 294 евра)[13] што е пониско од повеќето земји на ЕУ, а нејзиното ниво не ги покрива основните трошоци за живот (минимална потрошувачка кошница);
- Трошоците за домување претставуваат финансиски товар за населението кој надминува 50% од расположливиот приход на домаќинствата во Северна Македонија;[14]
- Во 2017 година, 84 558 физички лица и домаќинства примале социјална помош;[15]
- Стапката на сиромаштија во Северна Македонија за 2018 година изнесува 17,90%, што претставува пад од 1,6% во однос на 2017 година;[16]
- Индексот на посветеност на намалување на нееднаквоста ја рангира Северна Македонија на дното во Европа и на 103-то место на листата од 163 земји во светот.[17]

---

[13] Евростат податоци за 2022 година, достапни онлајн: https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Minimum_wage_statistics

[14] Податоци на Евростат, ажурирани во 2017 година, достапни онлајн: https://www.helgilibrary.com/indicators/population-with-a-housing-cost-burden-over-50-of-disposable-household-income-owner-no-outstanding-mortgage-or-housing-loan/macedonia/

[15] Државен завод за статистика, достапно онлајн: Државен завод за статистика - Соопштенија по области (stat.gov.mk)

[16] Достапно онлајн: Стапка на сиромаштија во Северна Македонија 2009-2022 год | МакроТрендови

[17] Достапно онлајн: Индекс на нееднаквост

## Видови трговија со луѓе и експлоатација, профили на жртви (2017-2021 год.)

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција во Република Северна Македонија (2021-2025)[18] е усвоена во април 2021 година. Меѓу 2017 и 2020 година само три од вкупно 24 идентификувани жртви на трговија со луѓе биле жртви на трудова експлоатација. Истовремено, во Стратегијата се истакнува дека властите заедно со невладините организации идентификувале 345 лица од ранливите категории како лица со висок ризик од трговија со луѓе (потенцијални жртви). Ова укажува на тоа дека реалниот број на жртви на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, најверојатно, е многу поголем.

**Табела 1: Жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација (2017-2021 год.)**

| | ИДЕНТИФИКУВАНИ | Жени | Мажи | Возрасни | Деца | Граѓани на МКД | Странци | Експлоатирани во МКД | Експлоатирани во странство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА РАБОТНА СИЛА | | | | | | | | | |
| **2017** | **/** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **2018** | **/** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **2019** | **1** | / | 1 | / | 1 | / | 1 | 1 | / |
| **2020** | **1** | / | 1 | 1 | / | 1 | / | / | 1 |
| **2021** | **41** | 6 | 35 | 40 | 1 | 1 | 40 | 41 | / |
| **Вкупно** | **43** | 6 | 37 | 41 | 2 | 2 | 41 | 42 | 1 |

*Извор: Национална комисија за борба против трговијата со луѓе* [19]

[18] Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција во Република Северна Македонија (2021-2025 год.), достапна онлајн: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/NACIONALNA-STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25.10.2021.pdf

[19] Во Табелата не е вклучено Присилно питачење

Двете жртви идентификувани во периодот 2017-2020 година се еден возрасен маж, македонски државјанин и едно малолетно девојче, странски државјанин. Бројот на идентификувани жртви се зголеми во 2021 година, кога властите идентификуваа 39 жртви (35 мажи и четири жени) со потекло од Тајван во случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација која вклучува онлајн криминални активности. Понатаму, како жртви на трговија со работна сила биле идентификувани и двајца државјани на Северна Македонија.

Малиот број идентификувани случаи на трудова експлоатација укажува на тоа дека сѐ уште доминира фокусот на други форми, како што е сексуалната експлоатација. Како последица на тоа, експлоатацијата во земјоделството, сезонската работа или принудното просење и понатаму се нерегистрирани во официјалната статистика. Принудните бракови се, исто така, проблем, обично како комбинација на сексуална и трудова експлоатација.

## Родови аспекти на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација

Општеството во Северна Македонија сѐ уште е претежно патријархално. Родовите стереотипи што доминираат ги одредуваат однесувањата и очекувањата на општеството жените да бидат покорни, понизни, да се грижат за семејството, додека мажите се сметаат за главни прехранувачи. Ова може да објасни зошто жените во повеќето случаи стануваат жртви на трговија со луѓе. Поголема е веројатноста тие да бидат таргетирани бидејќи нивното очекувано однесување прави да бидат полесни жртви поради стравот од осуда од страна на општеството доколку јавно зборуваат за својата ситуација.

**Табела 2: Фактори на притисок и на повлекување, основи за експлоатација**

| | Фактори на притисок | Фактори на повлекување |
|---|---|---|
| | Сиромаштија, невработеност, социјална несигурност, родова нееднаквост, дискриминација, нефункционално семејство, конфликти и насилство, вклучително и семејно насилство | Ветувања за редовно вработување, подобри услови за живот, но и побарувачка за евтина работна сила и услуги. |
| **Основи за експлоатација на жените** | Очекуваната улога на жената во општеството е да биде потчинета, скромна, да се грижи за семејството, додека мажот го обезбедува семејството финансиски. Обврската да се биде потчинета и скромна, исто така, вклучува и очекување да се прифатат различни форми на родово базирано насилство, како дел од нејзиното секојдневие и како нејзина сопствена вина.<br><br>Излезот од сиромаштијата и/или од насилната средина за жената често значи барање алтернатива, а често и ризична, значи да заработува, обично надвор од нејзината локална заедница. Ова може да доведе до трговија со луѓе со цел сексуална експлоатација или принудна работа. | |
| Основи за експлоатација на мажите | Очекуваната улога на мажот во општеството е да биде глава на семејството, одлучувач, но и одговорен за финансиската благосостојба на семејството. Неможноста да се обезбедат доволно средства доведува до барање ризични извори за работа, што може да доведе до присилна работа или други форми на трговија со луѓе. | |

Недостатокот на родова чувствителност и потценувањето на родовата дискриминација во работата значи дека најголемата *"експлоатација на жртвите е сексуалната експлоатација, којашто најчесто се врши во угостителските објекти и ноќните клубови во западниот дел на земјата"*, според Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе,[20] но без податоци за поддршка на ова тврдење бидејќи случаите остануваат неидентификувани, а сторителите не се гонат.

Жените и девојките Ромки се сметаат за најранливи на раните и присилните бракови, како и на трговијата со луѓе со цел труд и сексуална експлоатација. Важно е сите мерки против трговијата со луѓе да ги земат предвид двојните недостатоци со коишто се соочуваат жените Ромки – нивниот пол и етничката припадност. Ова ги прави поранливи на трговија со луѓе од жените кои не се Ромки.

## Гонење и пресуди

Обвинителството не води евиденција за случаите според видовите на трговија со луѓе. Затоа е тешко да се анализира ефикасноста на постапките против сторителите. Според податоците добиени од Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција, во периодот од јануари 2018 година до 31 октомври 2021 година, поднесени се 10 кривични пријави за трговија со луѓе,[21] во кои се опфатени 28 лица, од кои 15 се обвинети. Во истиот период отфрлени се 10 кривични пријави.Табелата подолу покажува дека во 2020 година, КОВИД-19 влијаеше на органите во спроведувањето на законот и нема податоци за пресуди во овој период.

[20] Национална стратегија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција во Република Северна Македонија (2021-2025 год.), достапна онлајн: http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/NACIONALNA-STRATEGIJA-MKD-ALB-ANG-25.10.2021.pdf

[21] Писмен одговор од Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција на барањето за пристап до информации од јавен карактер, 18.11.2021 година.

**Табела 3: Гонети случаи на трговија со луѓе и трговија со деца (2017-2021 год.)**

| Година | Година | Осомничени | Истрага | Обвинети лица | Осудени лица | Отфрлени кривични пријави |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 |
| 2018 | 4 | 13 | 6 | 9 | 3 | 8 |
| 2019 | 4 | 10 | 9 | 9 | 7 | 2 |
| 2020 | / | / | / | / | 12 | / |
| 2021 | 1 | 3 | / | / | 1 | / |
| **Вкупно** | **12** | **29** | **18** | **21** | **25** | **12** |

*Извор: Основно јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, ноември 2021 год*

Од 2015 година нема наредби за затворање бизнис/угостителски објект кој бил користен за извршување на делото трговија со луѓе. Не постои ни некаква пресуда за случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Во однос на другите форми на експлоатација, пресудите со кои се изрекуваат повеќе од 10 години затвор се донесени во 2017- 2018 година.[22] По жалбата на Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, обвинетите беа осудени на 17, односно на 14 години затвор.[23] Во 2021 година биле донесени две пресуди, од кои едната за затворска казна од 12 години, додека другата била ослободителна пресуда.[24]

[22] Во 2018 година беше донесена пресуда со највисоката затворска казна некогаш изречена за кривично дело „трговија со деца".

[23] Лазетиќ и Здравкова, Правата на жртвите на трговија со луѓе за време на судската постапка, 2020 год., достапно на: https://rm.coe.int/hf29-research-thb-mkd/16809f035d

[24] Информации добиени од Основен кривичен суд Скопје за периодот 01.01.2018-31.10.2021 год

**Слика 2: Пресуди и казни за трговија со луѓе (2017-2021 год.)**




*Извор: Основен кривичен суд Скопје за периодот 01.01.2018-31.10.2021 година, врз основа на барање за слобода на пристап до информациите, ноември 2021 година*

## Јавна свест за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

Преземени се различни активности за подигнување на свеста, насочени кон особено ранливите групи, како што се мигрантите, сезонските работници, Ромите и лицата кои ја разгледуваат можноста за работа во странство.

За да се подигне свеста за ранливоста на сезонските работници на трудовата експлоатација, беа изработени и дистрибуирани пет информативни видеа на три јазика (македонски, албански и ромски) во медиумите.[25] Информативни материјали за правата на жртвите на трговија со луѓе беа изработени на македонски, албански, турски и ромски јазик. Здружението на жени и млади Роми „ЛУЛУДИ" спроведе кампања за подигнување на свеста во пет градови, фокусирана на девојките Ромки и изработена на македонски и на ромски јазик.[26] Покрај активностите за подигнување на свеста, беа направени неколку напори за

[25] Кампања за сезонска работа: https://kazistop.mk/ https://www.youtube.com/channel/UCtubQoGuPkK1PgMzEunZ9UQ
[26] Кампања за Ромите https://bit.ly/3rb7bd9, https://bit.ly/3DOI1nK

градење капацитети: (i) изработка на Прирачник за сезонски работници со информации за тоа како да се препознае и пријави трудовата експлоатација;[27] (ii) Џебен водич за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе, подготвен и доставен до трудовите инспектори;[28] (iii) основни и напредни обуки за идентификување и упатување потенцијални жртви на трговијата со луѓе,[29] кои беа спроведени за инспекторите за труд; (iv) обуки за мобилните тимови кои продолжија со активната работа во 2021 година.

Сиромаштијата, невработеноста, ниското ниво на образование, миграцијата и непоседувањето лични документи го прават ромското население во Република Северна Македонија најранливо на трговијата со луѓе. Затоа треба конкретно да се подигне свеста за експлоатацијата на Ромите. Кампањите за подигнување на свеста особено треба да бидат насочени кон младите Роми. Истражувањето спроведено од невладината организација „Лулуди" покажа дека на 75,19% од децата на испитаниците од средните училишта им е потребно детално објаснување на формите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, принудата за извршување кривични дела и присилното просење.[30] Освен тоа, значаен број млади луѓе не ја гледаат принудната работа за враќање долг или заем како форма на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација. Ова укажува на тоа дека должничкото ропство може да биде проблем во рамките на заедницата, но не може да се идентификува како форма на трговија со луѓе. Затоа, потребни се дополнителни напори во областа на превенцијата за градење капацитети за тоа како да се препознае трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација и кои се расположливите механизми за заштита.

---

[27] Прирачник за сезонска работа достапен онлајн:
https://kazistop.mk/wp-content/uploads/2021/04/MZMP-Priracnik-za-sezonski-rabotnici-vnatre-korici-za-web.pdf

[28] Џебен водич за трудови инспектори, достапен онлајн:
https://rm.coe.int/skopje-pocket-guide-for-detection-and-preliminary-identification-of-vi/1680786ae3

[29] Обуките се дел од проектот Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција, преку проектот Превенција и борба против трговијата со луѓе.

[30] Анализа на истражувачките наоди во врска со перцепциите и разбирањето на трговијата со луѓе меѓу средношколците, мај 2021 год., достапно онлајн:
https://bit.ly/30OoZzC

# III. Проценка на ризикот во контекст на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација

## Сиромаштијата како фактор на ризик за трговија со луѓе

Разбирањето како сиромаштијата е една од основните причини за трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација е важно за креирањето политики и дизајнирањето стратегии за превенција. Ранливите групи се изложени на поголем ризик од пристап до несигурни работни места, што може да доведе до ситуации на присилна работа и експлоатација на работната сила.

## Пазар на трудот

Македонскиот пазар на трудот се карактеризира со високи стапки на долгорочна невработеност, уште од процесот на транзиција по независноста,[31] и со висока неактивност кај жените. Стареењето на населението, исто така, ја оптоварува економијата и проекциите се дека работоспособната возраст (15-64 години) ќе се намали за 10,2 процентни поени во 2050 година во споредба со 2015 година.[32] Тоа значи дека работодавачите, можеби, ќе треба сè повеќе да се потпираат на работниците мигранти.

Позитивно е што неодамнешните показатели на пазарот на труд покажуваат пад на стапката на невработеност кај жените и младите луѓе, и покрај ефектите од пандемијата COVID-19. Во 2020 година уделот на млади луѓе (15-24 години) кои не се ниту вработени, ниту се вклучени во образование или обука паднал на 19,4% кај мажите и 19,8% кај жените,

---

[31] Народна банка на Република Македонија, 2017 година. Развој на главните показатели на пазарот на трудот и активни мерки на пазарот на трудот за справување со невработеноста.

[32] МОТ, Програма за пристојна работа во земјата 2019–2022 год.

што е значителен пад во споредба со бројката од близу 25% во 2011 година; сепак, тековната стапка е сѐ уште речиси двојно поголема од просекот на ЕУ.[33]

## Нивоа на вработување

Учеството на работната сила, измерено како процент од работната сила на работоспособното население, покажува знаци на бавно подобрување, иако високата стапка на неактивност на жените останува загрижувачка. Во работоспособното население мажите учествувале со 77,4 % во нивната целна група, додека жените со 53,6 % во нивната целна група во третото тримесечје од 2021 година.[34] Разликата меѓу половите во поглед на учеството на работната сила е присутна во сите возрасни групи и е меѓу највисоките во Европската Унија.[35]

**Слика 3. Учество во работната сила, родов јаз**




*Извор: Сопствени пресметки на авторите врз основа на податоците од Државниот завод за статистика и Евростат, 2021 година*

---

[33] Евростат, 2020 год. Млади луѓе кои не се вработени, ниту вклучени во образование или обука според пол, возраст и работен статус (стапки на NEET)
[34] Државен завод за статистика, 2021, Жени и мажи во Северна Македонија.
[35] Евростат 2020 год. , достапно онлајн:
https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Enlargement_countries_-_labour_market_statistics

Стапката на вработување се пресметува како процентен удел на вработените во работоспособното население. Овој показател, исто така, покажува бавно подобрување, но сè уште значително заостанува зад просекот на ЕУ, особено кај жените.

**Слика 4. Разлика во стапката на вработување според нивото на образование и според возраста**




*Извор: Сопствени пресметки на авторите врз основа на податоците од Евростат (База на податоци Евростат, 2022 година)*

Кога се проверува возраста, разликата во стапката на вработување варира во подгрупите на ниво на образование. Во возрасните групи од 25 до 54 и од 55 до 64 години разликата во стапката на вработување е највисока меѓу оние со ниско ниво на образование, а најниска меѓу оние со повисоко ниво на образование. Во споредба со овие старосни групи, стапката на вработување кај младите луѓе (15 - 24 години) покажува различни варијации. Јазот е голем за оние со средно ниво на образование.

## Неформална економија

Познато е дека неформалните работници се изложени на поголем ризик од експлоатација. Затоа е важно да се следат и да се анализираат податоците што се однесуваат на неформалната работа.

Сликата 5 покажува дека бројот на неформални работници опаѓа и за мажите и за жените. Според тоа, во споредба

со 2018 година овие бројки се намалиле за 21.271 или 22.42% за мажите и 11 788 или 25.66% за жените за целото работоспособно население (15+).

## Слика 5. Неформалност (15+) според полот




*Извор: Неформални вработени според возраста и полот (Државен завод за статистика, 2021 година)*

Процентот на неформално вработување во однос на вкупната вработеност за целото работоспособно население (15+) покажува намалување на трендот во периодот 2018-2020 година, како за жените, така и за мажите.

## Слика 6. Удел на вкупното неформално вработување 15+ години




*Извор: Сопствени пресметки на уредникот врз основа на неформалните вработени според податоците по пол (Државен завод за статистика, 2021 година)*

Сликата 7 го претставува бројот на луѓето кои работат во неформалниот сектор, расчленети по полот и по нивото на образование. Поголемиот дел од мажите и од жените коишто се занимаваат со неформално вработување имаат основно и средно образование. Бројките се стабилни во текот на годините и за мажите и за жените, но постојат некои значајни промени на двата краја на образовната скала. Имено, бројот на неформални жени работници без образование се зголемил речиси двојно во 2019 година во споредба со 2018 година. Од друга страна, бројот на мажите со универзитетско образование кои работат неформално се зголемил за 12% во 2019 година, во споредба со 2018 година, додека во истиот период бројот на жените неформални работници со универзитетско образование се намалил за 35%.

**Слика 7. Неформалност според образованието (2017-2019 год.)**




*Извор: Неформално вработување според нивото на образование и пол (Државен завод за статистика, 2021 година)*

# Влијание на КОВИД-19 врз пазарот на трудот

Стапката на невработеност продолжува да се намалува за време на пандемијата на КОВИД-19. По второто тримесечје од 2020 година стапката продолжи да опаѓа за жените, а не се зголеми за мажите. Сепак, ова делумно се должи на преминувањето на жените во секторот на услуги и падот на учеството на жените на пазарот на трудот.[36] Така, стапката на невработеност кај жените достигна рекордно ниско ниво во третото тримесечје од 2021 година на 14,7%, додека стапката на стагнација на мажите изнесуваше 16,6%.

**Слика 8. Стапка на невработеност според полот**




*Извор: Државен завод за статистика, 2021 год.*

По кризата поврзана со пандемијата на КОВИД-19 и мажите и жените го напуштија пазарот на трудот во големи бројки: во третото тримесечје Државниот завод за статистика регистрира 3,25% повеќе мажи кои го напуштиле пазарот на трудот, во споредба со првото тримесечје на 2020 година, додека оваа промена кај жените е 2,35%. Во апсолутни бројки, ова се однесува на вкупно 19.250 луѓе кои се откажале од барањето работа (10.594 жени и 8.656 мажи).

---

[36] Светска банка, 2021 год., Зелено закрепнување, Западен Балкан бр. 20, достапно онлајн:
[Западен Балкан Редовен економски извештај, бр. 20, есен 2021 год.: Greening the Recovery (worldbank.org)]

**Слика 9. Неактивно население, апсолутни вредности**




*Извор: Државен завод за статистика, 2021 год.*

Пандемијата на КОВИД-19 влијаеше главно на нископлатените работници, работниците во неформалната економија, платените домашни работници и неплатените семејни работници. Вкрстената анализа на несигурната работа „... сугерира дека вкупната загуба на работни места за време на пандемијата од околу 7 500 на годишно ниво е претежно кај нископлатените работници, од кои голем дел се платени домашни работници и неформални работници.“[37]

Пандемијата влијаеше различно на работните места за мажите и за жените. Така, меѓу четвртото тримесечје од 2020 година и првото тримесечје од 2021 година, поголемиот дел од загубите на работните места за жените биле во секторите на сместувањето и угостителството (5 500), по што следуваат производството (4 100), земјоделството (3 800) и трговијата (3 500). Мажите изгубиле повеќе работни места во секторите на туристичките агенции (3 600), рударството (3 200) и земјоделството (2 800).

Минималната нето плата е зголемена од 12 000 денари (приближно 196 евра) во 2017 година, до 15 194 денари (приближно 236 евра) во 2021 година, и до 18 000 денари (приближно 294 евра)[38] во 2022 година.

[37] Фајнанс Тинк, Фондација Отворено општество, Студија за политиките бр. 36, ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 НА НЕСИГУРНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, Следење на нископлатени работници, неплатени семејни работници, платени домашни работници, работници со нетипични работни договори и неформални работници, 2021 год., стр. 59.
[38] Евростат податоци за 2022 година, достапни онлајн: https://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php?title=Minimum_wage_statistics

## Недостиг на работна сила

Флуктуациите на пазарот на трудот во периодот 2017- 2020 година во голема мера се должат на одливот на работна сила во ЕУ и образовната политика која не ги задоволува потребите на пазарот. Пандемијата на КОВИД-19 го намали интензитетот на одливот на работна сила. Во некои сектори, и покрај високата стапка на невработеност, има недостиг на работници. Градежниот сектор доживува долгорочен недостиг на работници и постои пракса на вработување работници мигранти од Албанија и од Турција. Студијата на Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) за сезонските работници во земјоделството покажа дека работодавците во земјоделскиот сектор, исто така, се соочуваат со сериозен недостиг на работна сила.[39] Пандемијата на КОВИД-19 значително влијаеше на достапноста на медицински персонал во болниците, првенствено поради нивното заминување во земјите на ЕУ, во Велика Британија и во Швајцарија. Други дефицитарни професии се заварувачите, браварите, келнерите, машинските оператори и занимањата во областа на информациите и технологијата.[40]

Таму каде што недостигот на работна сила е пополнет со работници мигранти, важно е пазарот на труд и миграционите политики да вклучуваат заштитни мерки против експлоатацијата.

[39] ЦИКП Студија за политиките бр. 39: Од сенка до видлив сезонски работник во земјоделството: причини, предизвици и модели за формализирање на сезонската работна сила во земјоделскиот сектор, 2020 година, достапно онлајн: http://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/CRPM_od_senka_vo_vidliv_sezonski_rabotnik_final-eng-cikp.pdf

[40] Податоците за недостиг на работна сила по професии се собрани врз основа на објавите за работните места во последните четири години од страна на Агенцијата за вработување на Северна Македонија.

## Пристап до пазарот на труд за ранливите групи - Роми

Во Северна Македонија стапката на невработеност на луѓето од ромската заедница изнесува 33%, во споредба со 16% од оние кои не се Роми.[41] Податоците на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија покажуваат дека од октомври 2021 година, вкупно 134 219 невработени лица биле регистрирани во земјата, од кои 13 644 биле Роми (околу 10% од вкупниот број невработени лица).[42] Сепак, овој број е, веројатно, поголем имајќи предвид дека голем број Роми не се регистрираат при раѓањето и немаат лични документи. Во април 2021 година имало 659 лица без извод од родените, од кои 60% се деца, претежно Роми (428).[43]

**Табела 4: Регистрирани невработени Роми по пол 2017-202 год.**

| Преглед на евидентирани невработени лица | | 31.10.2021 | 31.12.2020 | 31.12.2019 | 31.12.2018 | 31.12.2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Роми | сите | 13,644 | 14,396 | 9,239 | 6,321 | 6,127 |
| | жени | 6,986 | 7,280 | 4,632 | 2,715 | 2,366 |
| Вкупен број на невработени | | 134,219 | 156,432 | 101,748 | 94,721 | 102,394 |

*Извор: Агенција за вработување*

На Ромите им е тешко да пристапат до пазарот на трудот и покрај мерките поддржани од државата конкретно насочени кон нив. Главната пречка за вработувањето е ниското образование надополнето со дискриминацијата. Стапката на вработеност на Ромите е 22%, додека онаа на неромите е двојно повисока. Во 2017 година само 1% од

---

[41] Државен завод за статистика, База на податоци МАКСтат, 2021 год.

[42] Агенција за вработување, Статистика за вработување, Скопје: Агенција за вработување на Република Северна Македонија, 2021 год. достапно онлајн: https://av.gov.mk/pregled-na-evidentirani-nevraboteni-lica.nspx

[43] Народен правобранител на Северна Македонија, достапно онлајн: https://bit.ly/3nzFokd

вкупниот број корисници на мерките за вработување биле Роми (самовработување, поддршка за нови работни позиции и работен ангажман). Иако има зголемување на бројот на Ромите кои имаат корист од мерките за вработување, нивниот број е 10 пати помал во споредба со припадниците на другите етнички заедници.

**Слика 10: Удел на жените и на мажите Роми во вкупно невработените (2017-2021 год.)**




*Извор: Агенција за вработување*

## Групи со ризик од трговија со луѓе со цел трудова експлоатација

Одредени групи од населението се изложени на поголем ризик бидејќи ранливоста на експлоатацијата и трговијата со луѓе се одредува со комбинација на фактори од кои повеќето се структурни и поврзани со социјалната, економската, работната и имиграциската политика. Личната ранливост се влошува кога се луѓето изолирани - физички или социјално - и не се организираат или не се залагаат колективно. Работниците мигранти, барателите на азил, обесправените етнички малцинства и младите луѓе се особено ранливи на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација.

Одредени фактори доведуваат до зголемена ранливост:

- ***Лицата со несигурен миграциски статус*** кои се сместени во прифатни центри се особено ранливи, како и ***барателите на азил*** кои сè уште немаат регулиран статус. Барателите на азил од бегалската

криза во Косово[44] во 1999 година, чијшто статус сè уште не е регулиран по распадот на Југославија и кои немаат пристап до образование, здравствена заштита и банкарски сметки, се, исто така, многу ранливи.[45]

- ***Работниците мигранти*** се сè повеќе потребни за пополнување на недостигот на работна сила во земјата. Сепак, без познавање на јазикот, без познавање на нивните права, немање социјални мрежи и често несигурен статус, овие работници се изложени на зголемен ризик од трудова експлоатација.
- ***Македонските граѓани кои мигрираат за работа во странство*** и кои имаат нерегулиран статус во земјите на дестинација или, во некои случаи, работат со кршење на прописите, се особено ранливи.

Ранливоста на ***ромската*** заедница на експлоатација и трговија со луѓе произлегува од голем број меѓусебно поврзани фактори.[46] Се проценува дека 80% од децата кои работат или живеат на улица се од ромската заедница.[47] Дневните центри за деца на улица не го намалија бројот на децата коишто се принудени да просат, укажувајќи на тоа дека овие програми се недоволни за борба против детскиот труд.[48] Главниот политички документ[49] беше во сила до 2015 година и нема информации за некакви обновени напори.

---

[44] *Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

[45] Проценето на 343 лица, тие остануваат во несигурна ситуација, со неизвесен статус. Освен ограничен број (16) признати бегалци, останатите имаат или супсидијарна заштита (198) или немаат статус (129) воопшто.

[46] Франет-Национален придонес во Извештајот за основните права за 2020 година, достапен онлајн:
https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/north-macedonia-frr2020_en.pdf

[47] Според истражувањето на Канцеларијата на народниот правобранител објавено во 2018 година, на улиците биле регистрирани вкупно 337 деца кои просат, од кои само девет не биле од ромска етничка припадност.

[48] Наоди за најлошите форми на детски труд за 2020 година: Северна Македонија, https://www.dol.gov/sites/dolgov/files/ILAB/child_labor_reports/tda2020/North-Macedonia.pdf

[49] Акционен план за деца на улица (2013-2015 година).

- Во земјата сè уште се идентификуваат голем број ***деца без придружба,*** и тие се ранливи на трговијата со луѓе.
- Децата и младите луѓе, коишто имале конфликт со законот, имаат историја на бегање од дома, немаат мрежа за социјална поддршка и имаат ниска самодоверба или физичка или ментална попреченост, исто така, се ранливи.

## Работници мигранти

Северна Македонија е главно транзитна земја за мигрантите и бегалците. Многумина континуирано поминуваат низ територијата или остануваат некое време, чекајќи ја следната можност да се преселат во ЕУ. Само мал број аплицираат за азил. Миграцијата оди во две насоки: (i) од Грција во Западна Европа и (ii) помал број мигранти, кои не успеале да стигнат до ЕУ од Србија и до другите балкански земји се враќаат во Грција преку територијата на Северна Македонија. Точниот број не е достапен бидејќи многу мигранти не се регистрирани. Соодветната заштита и пристапот до процедурата за азил на ранливите групи сè уште претставува предизвик, особено за децата без придружба.

Во периодот 2017-2021 година бројот на мигранти се зголемил, а во 2019 година бил регистриран рекорден број барања за азил. Поголемиот дел од барањата се поднесени од мажи. Во 2021 година имало намалување од 57% на новодојдените во споредба со 2020 година. Во 2021 година 10% (119) од барањата биле поднесени од жени (18+) и 17% (198) од деца, вклучувајќи 37 деца без придружба или одвоени од родителите.[50]

[50] УНХЦР РБЕ - Западен Балкан - Статистика за азил - Резиме на клучните трендови забележани од 1 октомври 2021 година.

**Табела 5: Број на мигранти и баратели на азил (2017-2021 год.) според полот и категории на деца мигранти**

| година | Вкупен број на новодојдени мигранти | Број на баратели на азил | Мажи баратели на азил | Деца баратели на азил | Деца без придружба баратели на азил |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017 год.[51] | 17,000 | 162 | 145 | 28 | 13 |
| 2018 год.[52] | 32,500 | 297 | 211 | 78 | 41 |
| 2019 год.[53] | 40,887 | 505 | 465 | 132 | 94 |
| 2020 год.[54] | 41,257 | 187 | 157 | 30 | 19 |
| 2021 год.[55] | 17,644 | 95 | 62 | 23 | 14 |

*Извор: УНХЦР РБЕ и МЗМП, 2018-2021 год.*

Земјите на потекло на мигрантите и бегалците кои транзитираат низ Северна Македонија ги вклучуваат Пакистан, Ирак, Авганистан, Турција и Конго. На крајот од 2021 година беше забележан нов тренд, при што бројот на мигрантите од Авганистан и од Сирија се зголеми.[56]

---

[51] База на податоци на МЗМП: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/01/2017-CSOs-Report-on-Irregular-Migration-for-South-Eastern-Europe.pdf

[52] Извештај на МЗМП https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/Sostojba-so-azil-RSM-2018-2019.pdf

[53] Ibid.

[54] Западен Балкан - Бегалци, баратели на азил и други луѓе во мешани движења, од крајот на октомври 2021 година.

[55] RBE - Западен Балкан - Статистика за азил - Резиме на клучните трендови забележани од 1 октомври 2021 година.

[56] Западен Балкан - Бегалци, баратели на азил и други луѓе во мешани движења, од крајот на октомври 2021 година, страница 2 за Северна Македонија.

## Слика 11: Месечни миграциони текови (2018-2021 год.)




*Извор: УНХЦР РБЕ - Западен Балкан - Статистика за азил - Резиме на клучните трендови забележани од 1 октомври 2021 година.*

Националната стратегија за борба против трговијата со луѓе ги идентификува баровите и ресторанитe во западниот дел на земјата како најчеста локација за експлоатација на жртвите. Иако има полициски рации и контроли, ниту една од нив досега не резултираше со пресуди за трудова експлоатација, туку само со прекршочни постапки против жените мигрантки кои работеле нелегално како пејачки, танчерки или келнерки, како и со нивно депортирање и забрана за влез во земјата. Не се поднесени кривични пријави против сопствениците на баровите и ресторанитe за вмешаност во трговија со луѓе и трудова експлоатација.

## Табела 6: Полициски рации и откриени странски граѓани (2017-2020 год.)

| Година | Број на полициски рации | Број на барови / ресторани | Откриени странски државјани | Откриени македонски државјани |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | 28 | 16 | 119 | 67 |
| 2018 | / | / | / | / |
| 2019 | 45 | 68 | 204 | / |
| 2020 | 24 | / | 124 | / |

*Извор: Министерство за внатрешни работи*

*Според полицијата и трудовата инспекција,* бројот на нерегуларните работници-мигранти во градежниот сектор, исто така, е зголемен. Поради недостигот на работна сила во секторот, странските градежни претпријатија носат работници од Турција, Албанија и од Косово*.[57] Во јануари 2022 година беше пријавен случај на 97 странски градежни работници кои работеле за турска компанија.[58] Тие беа уапсени за нелегална работа и полицијата посочи дека ќе бидат поднесени кривични обвиненија против компанијата и нејзините изведувачи.

Покрај тоа, трудовите инспекции пронајдоа мигранти од Сирија, Пакистан, Иран, Бангладеш и од Мароко кои се занимавале со неформална работа додека транзитирале низ земјата. Ниту еден од случаите не резултираше со пресуди за трудова експлоатација, туку со прекршочни постапки против странски државјани, парични казни и депортација.

Се чини дека фокусот е ставен на статусот на работниците во земјата, наместо на условите за нивното вработување и регрутирање. Би било важно да се гарантира дека на секој случај на нерегуларен работник ќе му се пристапи како на можна ситуација на трговија со луѓе, а работниците треба да имаат можност да ѝ опишат на независна трета страна како дошле во земјата и какви се нивните услови за вработување.

---

[57] * Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

[58] https://civilmedia.mk/politsijata-privede-rechisi-100-stranski-rabotnitsi-na-gradilishte-vo-skopje/

**Табела 7: Број на странски државјани кои работат нерегуларно во градежништвото**

| Година | Број на откриени странски државјани кои работат нерегуларно во градежништвото |
|---|---|
| 2018 год.[59] | 61 |
| 2019 год.[60] | 94 |
| 2020 год.[61] | 91 |
| 2021 год.[62] | 97 |

Друг тренд е забележан меѓу Ромите, без документација (главно од Северна Македонија , но и некои кои доаѓаат од Косово*[63] и од Албанија), кои се ангажирани како сезонски работници во земјоделството. Една неодамнешна студија покажа дека во градовите Виница и Кочани, 40% од жителите Роми се невработени и редовно се занимаваат со сезонска работа. 48% од ромските деца кои се сезонски работници воопшто не посетуваат училиште, а останатите 52% нередовно посетуваат училиште во месеците мај, јуни, септември и октомври.[64]

[59] https://netpress.com.mk/stranski-gradezhni-kompanii-nosat-rabotnici-od-albani-a-i-od-kosovo-da-rabotat-na-crno/
[60] Ibid.
[61] https://bit.ly/3r1Szw9
[62] https://sdk.mk/index.php/makedonija/od-97-te-ilegalni-zidari-privedeni-na-gradilishteto-na-limak-94-bile-od-turtsija-trojtsa-od-albanija-sudot-pochna-da-gi-proteruva/
[63] * Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.
[64] Здружение Иницијатива на невработени интелектуалци, Анализа на спроведените истражувања за причините за отсуството од образовниот процес на учениците Роми од Виница и Кочани поради сезонска работа, 2019 година.

## Емиграција, миграција на млади и трудова миграција кон ЕУ

Емиграцијата е традиција во Северна Македонија, но може да се забележат некои промени. Додека во минатиот век луѓето емигрирале поради социоекономски причини (претежно економски лишените и помалку образованите лица), во 21 век младите, добро образовани и финансиски обезбедени граѓани се оние кои бараат политичка стабилност и подобар квалитет на живот во развиените земји. Скоро 30% од луѓето со високо образование живеат и работат во странство, а скоро 80% од студентите во последните години од нивните студии на техничките факултети размислуваат или планираат да ја напуштат земјата.[65] Ова создава притисок врз пазарот на трудот бидејќи бројот на активни баратели на работоспособна возраст се намалува. Податоците за работната сила во 2019 и 2020 година покажуваат дека бројот на луѓе на возраст од 15 до 24 години се намалил за 5 387, а оние на возраст од 25 до 49 години за 12 402.

Според Државниот завод за статистика во периодот 2017-2020 година, 2.681 граѓани на Северна Македонија емигрирале (претежно во земјите на ЕУ, како и во Швајцарија, САД, Канада и Австралија), повеќето од нив со средно образование (55%).[66]

---

[65] Национална стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразован и професионален кадар (2013-2020 год.).

[66] http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__NadvoresniMigracii/176_Migracii_drzavi_VkDosOts_mk.px/?rxid=e1061203-a84f-4559-92af-4098566d7d2f

**Слика 12: Надворешна миграција, земји на дестинација (2017-2021 год.)**




*Извор: Државен завод за статистика, 2021 год.*

Според податоците на Евростат за дозволи за престој, 84 291 граѓани на Северна Македонија добиле дозволи за престој во 2017-2020 година, од кои 35% за работа.

Според податоците на Евростат, вкупно 3 805 граѓани на Северна Македонија биле вратени од ЕУ во 2017-2020 година; 1 670 од нив се вратиле принудно, во согласност со договорите за реадмисија, а 2 060 се вратиле доброволно.[67]

## Влијание на информациската и комуникациската технологија (ИКТ)

Бидејќи трговијата со луѓе често се организира онлајн, користењето шифрирани комуникациски канали и платформи на социјалните медиуми  создава повеќе предизвици во превенцијата и борбата против трговијата со луѓе, со цел трудова експлоатација. Ова е особено проблематично бидејќи сите неодамнешни операции на трговија со луѓе имаат онлајн компоненти. Сепак, органите за спроведување на законот се помалку агилни кога станува збор за следење на технолошкиот развој и брза реакција. Истовремено, социјалните медиуми и каналите за социјално вмрежување

[67] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/MIGR_EIRT_VOL_custom_1713238/default/table?lang=en

можат да се користат за да допрат до ранливите групи со информации за нивните права и пристап до поддршка и совети.

Регрутирањето на жртвите на трговијата со луѓе сè повеќе се врши преку интернет, преку навидум атрактивни најави за вработување, патување, брак со странци или веб-страници за запознавање. Повеќето од жртвите се на возраст од 13 до 17 години, при што поголемиот дел од жртвите (наводно до 90%) припаѓаат на ромската заедница.[68] Социоекономската ситуација по кризата со КОВИД-19, како и недостатокот на информации за показателите на трговијата со луѓе се фактори кои ги прават Ромите ранливи на трговија со луѓе.

Ризиците од трудова експлоатација на мигрантите се зголемуваат со оглед на тоа што шверцерите ја користат ранливоста на мигрантите и нивната очигледна подготвеност да прифатат каков било вид можност за работа, да заработат некакви приходи. Сè повеќе се користат дигитални решенија во процесот. Методите на плаќање, исто така, се променија и се префрлија во крипто валути, што резултира со вклучување образовани лица и лица со високотехнолошки вештини во трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација. Онлајн работата е особено несигурна и ги лишува вработените од пристап до здравствено и пензиско осигурување и придонесува во затајувањето данок.

[68] Кампања за подигање на јавната свест на Отворена порта/Ла Страда „Можност или експлоатација" - Ла Страда (lastrada.org.mk).

## IV. Заклучоци и предлози за акција

Бројот на случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија е прилично мал, освен во 2021 година кога беа откриени 39 странски државјани во случај на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација преку онлајн измама.[69] Стратегијата за борба против трговијата со луѓе забележува дека бројот на идентификувани жртви на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација е „незначителен и ја ограничува способноста за идентификација на ризичните сектори и ризичните групи".[70] Од друга страна, бројот на потенцијалните жртви е значително поголем. Сепак, нема податоци за нивната националност, вид на експлоатација и други карактеристики. Причините за разликата меѓу нискиот број на формално идентификувани жртви и значително поголемиот број на потенцијални жртви, сè повеќе се поврзани со слабоста на институциите и недостатокот на ресурси. Изјавите на жртвите се клучни докази во случаите на трговија со луѓе, со цел трудова експлоатација. Органите за спроведување на законот немаат технички, човечки и институционални капацитети за собирање докази преку користење на ИКТ, информации со отворен код и dark web (темната мрежа) каде што шверцерите најчесто разменуваат информации и ги планираат своите дејства.

---

[69] Случајот се однесуваше на 39 лица (35 мажи и четири жени) кои беа регрутирани во Тајван и пристигнаа во Северна Македонија со туристички визи. Тие биле заклучени во куќа, нивните патни документи и мобилни телефони им биле одземени, и тие биле принудени да направат измамнички повици до луѓе во Кина, преправајќи се дека се осигурителни, банкарски, поштенски или полициски службеници, да ги бараат нивните банкарски податоци и да повлекуваат пари. Откако добија дојава од тајванските власти во ноември 2020 година, властите на Северна Македонија го истражуваа случајот и во мај 2021 година уапсија девет осомничени и идентификуваа 39 лица како жртви на ТЛ. Жртвите и осомничените беа вратени во Тајван еден месец подоцна.

[70] Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, Стратегија за борба против трговијата со луѓе (2021-2025 год.).

Според Проценката на ризикот од сериозен и организиран криминал на Европол за 2021 година, жртвите на трговија со луѓе обично се експлоатираат како нискоквалификувани, сезонски и евтини работници во транспортот, градежништвото, земјоделството, шумарството, преработката на храна, фабричките линии, угостителството, малопродажбата, перењето автомобили, салоните за убавина и одржувањето хигиена, домашна работа и помош во домот.[71]

Бидејќи бројот на идентификувани жртви на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација во Северна Македонија и понатаму е мал не е можно да се спроведе анализа заснована на случајот за идентификување на ризичните сектори. Наместо тоа, студијата треба да се фокусира на секторите кои се слабо регулирани, имаат недостаток на работна сила и каде што ранливите работници и неформалната економија се распространети, имено: i) градежништвото, ii) текстилната индустрија, iii) индустријата за чевли, iv) угостителството (ноќни клубови), (v) местата за релаксација (салони за убавина и масажа), vi) земјоделството, vii) туризмот, viii) услугите за чистење ix) одржување, x) агенциите за модели, (xi) дрвосечачите, (xii) сточарството и xiii) шумарството.[72]

Вложени се напори за зголемување на свеста за ранливоста на сезонските работници, како и капацитетот на инспекторатот за труд и мобилните тимови. Сепак, капацитетот за идентификување на случаите на трудова експлоатација е сè уште ограничен, како и капацитетот за гонење на ваквите случаи. Размената на информации и координацијата на институциите во земјата и на меѓународно ниво, исто така, предизвикува загриженост.

[71] ЕУ СОКТА 2021 ЕВРОПОЛ https://www.europol.europa.eu/sites/default/files/documents/socta2021_1.pdf

[72] СЕ, Санија Бурагева, НВО Отворена порта и Центар за проучување на демократијата, Проактивно и родово чувствително откривање, идентификација и упатување на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, јуни 2021 год., Скопје.

Следните ***предлози за акција*** се базираат на анализата, базирана на ризик, направена во студијата и се надополнуваат и прошируваат врз основа на препораките дадени во извештајот за 2017 година, развиен во рамките на проектот ХИ I.

**Општи акции**

- Ратификација и имплементација на Протоколот од 2014 година кон Конвенцијата на МОТ за принудна работа, 1930 година.
- Усвојување национални, акциони планови за бизнис, особено за поголемите трговски претпријатија, за спроведување на Водечките принципи на ОН за бизнис и човекови права, вклучувајќи ги и мерките кои се релевантни за адресирање на трговијата со луѓе, со цел трудова експлоатација.
- Усвојување обврзувачки акти за задолжително јавно обелоденување информации поврзани со работата на правните лица и јавно обелоденување на воведените санкции и прекршоци за правни лица поврзани со кривичното дело трговија со луѓе.
- Интегрирање на превенцијата на трговијата со луѓе во политиките за јавни набавки и промовирање транспарентност во синџирите на снабдување.

**Акции за спречување на трговијата со луѓе со отстранување на пропустите во политиката и праксата**

- Надградба на базата на податоци на Јавното обвинителство за да се овозможи прекодирање на видот на експлоатација во случаите на трговија со луѓе.
- Зголемување на капацитетот и свеста кај обвинителските органи за специјалните процедурални мерки за заштита на децата-жртви за да се избегне нивна секундарна виктимизација.
- Зајакнување на прекуграничната соработка со другите земји и користење на процедурите за заемна правна помош со цел да се добијат детални информации,

кога постои сомневање дека македонски граѓани биле жртви на присилна работа во странство.

- Обезбедување соодветна правна и психосоцијална заштита за македонските граѓани кои биле жртви на принудна работа во странство и работење на нивна реинтеграција, со цел спречување повторна трговија со луѓе.
- Зголемување на техничките и човечките капацитети за следење и собирање информации за разузнавачки цели и нивна употреба како материјални докази во судските постапки преку OSINT, Dark Web и др.
- Изработување акционен план за зголемување на бројот на државно финансирани засолништа, управувани од НВО, регистрирани како даватели на социјални услуги согласно Законот за социјална заштита.
- Подобрување на достапноста на можностите за вработување на жртвите на трговија со луѓе и жртвите на насилство преку специјални и специфични мерки и субвенции, вклучително и преку правење преглед на актуелните програми за борба против невработеноста.
- Подобрување на услугите на заедницата за идентификување на децата во ризик од трговија со луѓе, со цел трудова експлоатација и поддршка на децата-жртви на насилство, ромските деца и возрасни, како и децата со попреченост, вклучувајќи и преку подобрена меѓусекторска соработка.

**Акции за намалување на ризикот од трговија меѓу ранливите работници и заедници**

**Роми**

- Обезбедување пристап и вклучување на ромските жени во образованието, преку обезбедување поддршка за продолжување и завршување на формалното образование, особено меѓу самохраните мајки и долгорочно невработените. Поддршка на пристапот до професионална квалификација и стручна обука на долгорочно невработени жени, девојки, лица од маргинализирани групи, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе.

- Подобрување на услугите на заедницата за идентификување на ромските деца во ризик од трговија со луѓе, со цел трудова експлоатација и поддршка на ромските деца-жртви на насилство и возрасните, вклучувајќи и подобрена меѓусекторска соработка.
- Целосно вклучување на ромските деца во образованието, вклучувајќи ги и повратниците, децата со нерегулиран статус и децата без лична идентификација.
- Обезбедување стручна обука и помош во процесот на барање работа, пристап до пазарот на трудот, работните права и пристап до образование во ромската заедница, со фокус на младите и жените.
- Дизајнирање и спроведување мерки за борба против сиромаштијата на ромската заедница.

**Работници мигранти**

- Подобрување на пристапот до правна и психосоцијална поддршка за странските жртви на трговијата со луѓе сместени во Центарот за странци во Гази Баба, преку редовни посети на претставниците на мобилните тимови.
- Градење капацитети за регистрирање на сите мигранти и бегалци кои транзитираат низ земјата, со цел подобрување на идентификацијата на жртвите.
- Развивање систем кој ќе гарантира обезбедување толкувач на странските жртви на трговија со луѓе.
- Жените и девојките пронајдени за време на инспекциите во ноќните барови да се сметаат како потенцијални жртви на трговијата со луѓе и да им се обезбедат информации, пристап до толкувачи, правна помош, безбедно сместување, како и медицинска и психолошка помош. Да се осигура дека тие нема веднаш да бидат вратени/депортирани во нивната земја на потекло.

**Ранливи/млади работници**

- Почнување проактивни истраги, координирани меѓу сите релевантни институции и поддршка за собирање

материјални докази и формирање заедничка база на податоци на институциите во работната група за трговија со луѓе.

- Зголемување на соработката меѓу државните власти, НВО, синдикатите и приватните претпријатија во идентификацијата на жртвите на трудова експлоатација.
- Градење капацитети и подигнување на свеста за препознавање и примена на родовите аспекти и соодветни мерки и механизми за помош, заштита и еманципирање на жртвите. Интегрирање на родовата перспектива во планирањето, донесувањето одлуки и креирањето политики на локално и национално ниво.

**Деловно работење и синџири на набавка**

- Спроведување повеќе заеднички инспекции од страна на одговорните власти (Министерство за внатрешни работи, членови на работната група, Државен инспекторат за труд, мобилни тимови) во сектори кои се сметаат за високоризични, вклучувајќи ги: градежништвото, текстилната и индустријата за чевли, ноќните клубови (особено оние кои се наоѓаат во западните делови на земјата), земјоделството, туризмот, чистењето и услугите за одржување.
- Поттикнување, особено на поголемите претпријатија кои работат во ризични сектори како што се земјоделството, градежништвото, угостителството, да воведат алатка за самоевалуација на ризичните фактори за трудова експлоатација на работниците.

# Библиографија


Здружение Иницијатива на невработени интелектуалци, Анализа на спроведените истражувања за причините за отсуството од образовниот процес на учениците Роми од Виница и Кочани поради сезонска работа, 2019 година.

Комитет на министри на СЕ, Одлука CM/Del/Dec(2019)129/2, 2019 год.

CoE, Mike Dottridge, Emerging Good Practice by State Authorities, the Business Community and Civil Society in the Area of Reducing Demand for Human Trafficking for Labour Exploitation (СЕ, Мајк Дотриџ, Добра практика која произлегува од државните органи, бизнис-заедницата и граѓанското општество во областа на намалување на побарувачката за трговија со луѓе со цел експлоатација на трудот), 2016 година.

СЕ, Санија Бурагева, НВО Отворена порта и Центар за проучување на демократијата, Проактивно и родово чувствително откривање, идентификација и упатување на жртвите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, јуни, 2021 год., Скопје.

CoE, Sanija Burageva, Pocket Guide for Labour Inspectors, rev.2019 (СЕ, Санија Бурагева, Џебен водич за инспектори по труд, рев. 2019 год.).

ЦИКП, политика за студии 39: Од сенка во видлив сезонски работник во земјоделството: причини, предизвици и модели за формализација на сезонскиот труд во земјоделскиот сектор, 2020 година, достапно онлајн.

ЕК,(2021 год.) Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2021 година.

EC Report from the Commission to the European Parliament and to the Council, Third report on the progress made in the fight against trafficking in human beings as required under Article 20 of Directive 2011/36/EU on preventing and combating trafficking in human beings and protecting its victims. European Commission, 2020.

(Извештај на ЕК од Комисијата до Европскиот парламент и до Советот: Трет извештај за постигнатиот напредок во борбата против трговијата со луѓе според членот 20 од Директива 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштитата на нејзините жртви. Европска комисија, 2020 год.).

EU Strategy on Combatting Trafficking in Human Beings (2021-2025) | Together Against Trafficking in Human Beings (europa.eu) (Стратегија на ЕУ за борба против трговијата со луѓе (2021-2025 год.) | Заедно против трговијата со луѓе (europa.eu)).

Finance Think, Open Society Foundation, Policy Study No. 36, The effect of Covid-19 on precarious workers in North Macedonia, Tracking low-pay workers, unpaid family workers, paid domestic workers, workers with atypical working contracts and informal workers (Фајнанс Тинк, Фондација Отворено општество, Студија за политиките бр. 36, Ефектот на Ковид-19 врз несигурните работници во Северна Македонија, Следење на нископлатените работници, неплатените семејни работници, платените домашни работници, работниците со нетипични договори за работа и неформалните работници, 2021 год.).

GRETA(2020)08 Compendium of good practices in addressing trafficking in human beings for the purpose of labour exploitation, 2020 (ГРЕТА (2020)08 Збирка на добри практики за решавање на трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, 2020 година).

GRETA, 7th General report on Greta Activities, 2017 (ГРЕТА, 7ми Генерален извештај за активностите на ГРЕТА, 2017 година).

GRETA, 9th General Report on GRETA'S Activities, 2020 (ГРЕТА, 9ти Генерален извештај за активностите на ГРЕТА, 2020 год.).

GRETA, Guidance Note on preventing and combatting trafficking in human beings for the purpose of labour exploitation, 2020 (ГРЕТА Упатства за спречување и борба против трговијата со луѓе со цел трудова експлоатација, 2020 година).

GRETA, Second report concerning the implementation of the Council of Europe Convention on Action against Trafficking in Human Beings by "the former Yugoslav Republic of Macedonia", 2017 (ГРЕТА Втор извештај во врска со спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе од страна на Поранешна Југословенска Република Македонија", 2017 година).

ILO, Decent work country Programme 2019–2022 (МОТ, Програма за пристојна работа во земјата 2019–2022 год.).

Klara Skrivankova, Between decent work and forced labour: examining the continuum of exploitation, Joseph Rowntree Foundation, November 2010 (Клара Скриванкова, Помеѓу пристојната работа и принудната работа: испитување на континуумот на експлоатација, Фондација „Џозеф Роунтри", ноември, 2010 година).

Закон за кривична постапка на Република Северна Македонија, 150/2010, 100/2012, 142/2016, 193/2016, 198/2018.

Lazetic & Zdravkova, The rights of the victims of human trafficking in court proceedings, 2020 (Лазетиќ & Здравкова, Правата на жртвите на трговијата со луѓе во судската постапка, 2020 година).

Лулуди, Анализа на наодите од истражувањето за перцепциите и сфаќањата на средношколците за трговијата со луѓе, 2021 година.

Извештај на МЗМП, Состојбата со азилот во Македонија за 2018 и 2019 година.

Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и нелегалната миграција, извештаи на Националната комисија, 2019 и 2020 година.

RBE - Western Balkans - Asylum Statistics - Summary of key trends observed as of 01 October 2021 (RBE - Западен Балкан - Статистика за азил - Резиме на клучните трендови забележани од 1 октомври 2021 година.).

Државен завод за статистика, 2021 год., Жени и мажи во Северна Македонија.

Државен завод за статистика, База на податоци МАКСтат, 2021 год.

PACE, Resolution 2311 (2019) on human rights and business (ПССЕ - Резолуција 2311 (2019 год.) за човекови права и бизнис).

UNODC, Global Report on Trafficking in Persons, 2020 (УНОДЦ Глобален извештај за трговијата со луѓе, 2020 година).

Western Balkans - Refugees, asylum-seekers and other people in mixed movements, as of end October 2021 (Западен Балкан - Бегалци, баратели на азил и други луѓе во мешани движења, од крајот на октомври 2021 година).

World Bank, 2021, Greening the Recovery, Western Balkans no. 20 (Светска банка, 2021 год., Зелено закрепнување, Западен Балкан бр. 20).

# АНЕКС I Преглед на релевантни меѓународни инструменти

| Принудна и задолжителна работа | |
|---|---|
| **Меѓународен инструмент** | **Дефиниција/референца** |
| Конвенција за принуден труд од 1930 година | Член 2(1): Принудна или задолжителна е секоја работа или услуга која се изнудува од некое лице под закана од каква било казна и за којашто наведеното лице не се пријавило доброволно. |
| Протокол за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал од 2000 година | Принудната работа не се дефинира, туку се споменува како една од целите на експлоатацијата поради која лицата се жртви на трговијата со луѓе.<br><br>Член 3 (а): Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. |

| | |
|---|---|
| Конвенција за акција против трговија со луѓе на Советот на Европа од 2005 година | Принудната работа не се дефинира, туку се споменува како една од целите на експлоатацијата поради која лицата се жртви на трговијата со луѓе.<br><br>Член 4 (а): Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. |
| Директивата на ЕУ од 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви | Принудната работа не се дефинира, туку се споменува како една од целите на експлоатацијата поради која лицата се жртви на трговијата со луѓе.<br><br>Член 2(2): Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, вклучувајќи просење, ропство или практики слични на ропство, слугување или експлоатација на криминални активности или отстранување органи. |

| | |
|---|---|
| Протокол кон Конвенцијата за присилен труд од 2014 година | Не ја дефинира принудната или задолжителната работа, туку ја потврдува дефиницијата на Конвенцијата од 1930 година. Протоколот опфаќа специфични дејства против трговијата со луѓе со цел принудна или задолжителна работа (член 1.3). |
| **Детски труд**[73] | |
| Меѓународен инструмент | Дефиниција/референца |
| Меѓународна организација на трудот (МОТ) | МОТ го дефинира „детскиот труд„ како работа која ги лишува децата од нивната можност за детство и од нивното достоинство и кое е штетно за физичкиот и менталниот развој. Се однесува на работа која:<br>• е ментално, физички, социјално или морално опасна и штетна за деца; и<br>• се вмешува во нивниот образовен процес преку одземање на можноста да одат на училиште , односно тие се приморани да го напуштат училиштето предвреме или да комбинираат помеѓу посетување на училиште со ексесивно долга и напорна работа. |

[73] Конвенциите 138 и 182 се основни конвенции. Ова значи дека дури и земјите членки, кои сè уште не ги ратификувале овие конвенции треба да ги почитуваат, промовираат и реализираат принципите на овие конвенции.

| | | **Минималната возраст на која децата можат да почнат со работа** | **Можни исклучоци за земјите во развој** |
|---|---|---|---|
| Конвенција од 1973 година за минималната возраст за вработување и работа (бр. 138)<br><br>Конвенцијата ги одредува принципите во врска со минималната возраст на прифаќање на вработување или работа | **Опасна работа**<br>Секоја работа која може да го загрози физичкото, психичкото или моралното здравје на децата, безбедноста или моралот, не треба да ја врши никој под 18-годишна возраст. | **18 (16 под строги услови)** | **18 (16 под строги услови)** |
| | **Основна минимална возраст**<br>Минималната возраст за работа не треба да биде под возраста за завршување на задолжителното школување и во секој случај, не помалку од 15 години. | **15** | **14** |
| | | | |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Конвенција од 1973 година за минималната возраст за вработување и работа (бр. 138)<br><br>Конвенцијата ги одредува принципите во врска со минималната возраст на прифаќање на вработување или работа</td>
<td></td>
<td>Минимал-ната возраст на која децата можат да почнат со работа</td>
<td>Можни исклучоци за земјите во развој</td>
</tr>
<tr>
<td>Лесна работа<br>Децата на возраст меѓу 13 и 15 години можат да вршат лесна работа, сè додека тоа не го загрозува нивното здравје и безбедност, или го попречу-ва нивното образование или стручна ориентација и обука.</td>
<td>13-15</td>
<td>12-14</td>
</tr>
<tr>
<td>Конвенција за правата на детето од 1989 година</td>
<td colspan="3">Во членот 32 се одредува „правото на детето да биде заштитено од економска експлоатација и од вршење каква било работа која може да биде опасна или да се меша во образованието на детето, или да биде штетна за здравјето на детето или физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот или социјалниот развој.“ Не го дефинира детскиот труд; го покрива чинот во контекст на економската експлоатација.</td>
</tr>
<tr>
<td>Конвенција за најлоши форми на детски труд (бр.182) од 1999 година</td>
<td colspan="3">Членот 3 (а) ги дефинира најлошите форми на детски труд како „сите форми на ропство или практики слични на ропство како што се продажба и трговија со деца, ропство заради долг и кметство и принудна или задолжителна работа, вклучувајќи принудно или задолжително регрутирање деца за користење во оружен конфликт.“</td>
</tr>
</table>

| **Трговија со луѓе (лица)** | |
|---|---|
| **Меѓународен инструмент** | **Дефиниција/референца** |
| Конвенција за ропство од 1926 година | Конвенцијата за ропство не ја дефинира трговијата со луѓе. Членот 1(2), кој ја опфаќа трговијата со робови, може да се смета за претходник на подоцнежната дефиниција за трговија со луѓе.[74] Трговијата со робови ги вклучува сите дејства вклучени во фаќањето, стекнувањето или отуѓувањето лице со намера да се сведе на ропство; сите дејства вклучени во набавката на роб со цел да биде продаден или разменет; сите дејства на отуѓување преку продажба или размена на роб стекнат со цел да биде продаден или разменет, и, општо земено, секој чин на трговија или транспорт на робови. |
| Протокол од 2000 година за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал | Членот 3 (а) ја дефинира „трговијата со луѓе“ како регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање лица, по пат на закана, или со употреба на сила, или други форми на присилба, или грабнување, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ, или состојба на немоќ, или со давање или примање пари или корист за да се добие согласност на лице кое има контрола над друго лице, заради експлоатација. |

[74] Вајсброт Д., Дотриџ М., Укинување на ропството во неговите современи форми. УН ОХЦХР Канцеларија на високиот комесар за човекови права на ОН, 2002 год., стр.18.

| | |
|---|---|
| Протокол од 2000 година за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал | Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. |
| Конвенција за акција против трговија со луѓе на Советот на Европа од 2005 година | Член 4 (а): „Трговијата со луѓе" ќе значи регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање лица, по пат на закана, или со употреба на сила, или други форми на присилба, или грабнување, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање пари или корист за да се добие согласност на лице кое има контрола над друго лице, заради експлоатација. Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. |

| | |
|---|---|
| Директивата на ЕУ од 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви | Членот 2 (1) ја дефинира трговијата со луѓе како „регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање лица, вклучувајќи размена или пренос на контрола над овие лица, по пат на закана, или со употреба на сила, или други форми на присилба, или грабнување, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање пари или корист за да се добие согласност од лице кое има контрола над друго лице, заради експлоатација. |
| Протокол кон Конвенцијата за присилен труд од 2014 година | Не ја дефинира трговијата со луѓе. Протоколот опфаќа специфични дејства против трговијата со луѓе со цел присилна или задолжителна работа (член 1.3). |
| **Експлоатација/експлоататорски услови за работа** | |
| Протокол од 2000 година за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал | Експлоатацијата се дефинира како неисцрпна листа на појави на трговија со луѓе.<br>Членот 3 (а) ја дефинира „трговијата со луѓе" како регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање лица, по пат на закана, или со употреба на сила, или други форми на присилба, или грабнување, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање пари или корист за да се добие согласност |

| | |
|---|---|
| Протокол од 2000 година за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено со жени и деца, кој ја надополнува | на лице кое има контрола над друго лице, заради експлоатација. Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување органи. |
| Директива на ЕУ од 2009 година која предвидува минимални стандарди за санкциите и мерките против работодавците на државјани на трети држави кои имаат нелегален престој | Членот 2(i) ги дефинира „особено експлоататорски работни услови" како работни услови, вклучително и оние кои произлегуваат од родовата или друга дискриминација, каде што постои впечатлива непропорционална разлика во споредба со условите за вработување на легално вработени работници кои, на пример, влијаат на здравјето и безбедноста на работниците, и кои го навредуваат човечкото достоинство. |
| Директивата на ЕУ од 2011 година за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви | Експлоатацијата се дефинира како неисцрпна листа на појави на трговија со луѓе.<br>Член 2 (3): Експлоатацијата во најмала рака вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, вклучувајќи просење, ропство или практики слични на ропство, слугување или експлоатација на криминални активности, или отстранување органи. |

| | |
|---|---|
| Агенција за фундаментални права на ЕУ<br><br>Извештај за 2015 година: Тешка трудова експлоатација: работници кои се движат во рамките на или кон Европската Унија. Обврските на државите и правата на жртвите стр .10 | **Тешка трудова експлоатација**<br>Терминот „експлоатација" означува работни ситуации кои значително отстапуваат од стандардните работни услови како што се дефинирани во законодавството или други обврзувачки законски прописи, кои се однесуваат особено на надоместокот, работното време, правата на отсуство, здравствените и безбедносните стандарди и достоинствениот третман.<br>Терминот „тешка" се однесува на форми на експлоатација на работници кои се криминални според законодавството на земјата-членка на ЕУ каде што се случува експлоатацијата. Оттука, тешката работна експлоатација вклучува присилни форми на експлоатација, како што се ропство, слугување, принудна или задолжителна работа и трговија со луѓе (член 5 од Повелбата за основни права), како и тешка експлоатација во рамките на работен однос, особено ситуации на вработување, опфатени со членот 9 (1) од Директивата за санкции на работодавачот. |

# АНЕКС II
# Преглед на случајот Сербаз[75]

Апликантите, 33 државјани на Босна и Херцеговина, биле врбувани и одведени во Азербејџан како странски градежни работници за градежната компанија Сербаз Дизајн енд Констракшн Д.О.О./Serbaz Design and Construction LLC („Сербаз", компанија регистрирана во Авганистан). Нивниот престој во Азербејџан траел шест месеци или подолго. Апликантите, меѓу другото, тврделе дека во текот на овој период тие биле жртви на принудна работа и трговија со луѓе, дека работеле без договори и работни дозволи, документите им биле одземени, а нивната слобода на движење ограничена од страна на нивниот работодавач, како и неисплаќање на платите, почнувајќи од мај 2009 година до нивното заминување од Азербејџан. Граѓанската тужба која ја поднеле против Сербаз, пред азербејџанските судови, по нивното враќање во Босна и Херцеговина, со која си ги барале неисплатените плати и непарична штета за наводното „прекршување на нивните права и слободи" била неуспешна. Отфрлени биле и нивната жалба до апелација и нивната касациона жалба.

По кривичната истрага за наводите за принудна работа и трговија со луѓе од страна на менаџментот и вработените на Сербаз, обвинителството на Босна и Херцеговина започна кривична постапка против тринаесет државјани на Босна и Херцеговина. Во контекст на оваа постапка, властите на Босна и Херцеговина упатија три барања за правна помош до властите на Азербејџан, кои се однесуваат на наводите во врска со ситуацијата во Сербаз.

Апликантите се жалеле дека тужената држава не ја исполнила својата процедурална обврска да ги истражи нивните барања.

---

[75] Золетиќ и други против Азербејџан - 20116/12., Европски суд за човекови права

Закон – член 4 ст. 2

(а) Применливост – Судот утврди дека сите аргументи и поднесоци на апликантите дадени и пред домашните судови во нивната граѓанска тужба и пред Судот, претставуваат „издржано тврдење" дека тие биле подложени на прекугранична трговија со луѓе и принудени на задолжителна работа на територијата на Азербејџан од, меѓу другите, некои наводни сторители кои живееле во Азербејџан. Особено:

Прво, од списите на предметот произлезе дека периодот во кој апликантите работеле во Азербејџан се совпаднал, или целосно или барем делумно, со периодот во кој биле поднесени поплаките, воопшто, за ситуацијата во Сербаз, имено од мај до ноември 2009 година. Второ, Судот го зеде предвид општиот опис на работните и животните услови дадени во граѓанската тужба на жалителите, како и дополнителниот материјал на кој тие се потпираа и пред домашните судови и пред Судот. Поконкретно, тие се повикаа на еден извештај (извештајот „ASTRA") од 27 ноември 2009 година подготвен од три невладини организации од Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска во соработка со Центарот за миграција на Азербејџан („AMC"). Овој извештај даде подетален приказ на наводите изнесени во врска со третманот на работниците од страна на Сербаз и содржеше дополнителни информации за потенцијалната ситуација на принудна или задолжителна работа и трговија со луѓе. За постоењето и содржината на овој извештај беа во доволна мера известени домашните судови. Иако извештајот на невладината организација сам по себе не би имал значајна доказна вредност без понатамошна истрага, со оглед на областа на експертиза на вклучените невладини организации, имено помош за работниците-мигранти и борба против трговијата со луѓе, prima facie, информациите, дадени во него претставуваат материјал кој ги потврдува поднесоците на апликантите. Понатаму, имало и други потврдни информации во врска со работниците кои, наводно, биле во иста или слична ситуација со апликантите во текот на истиот временски период кој бил посочен од апликантите или на друг начин предочен на домашните судови и други органи.

Наводите во врска со физичките и другите форми на казнување, задржувањето на документите и ограничувањето на движењето објаснети со заканите за можни апсења на апликантите од страна на локалната полиција поради нивниот нерегулирен престој во Азербејџан беа показател за можна физичка и ментална принуда и работа изведена под закана од казна. Наводите за неисплаќање плати и „глоби" во форма на одбитоци од плати, заедно со отсуството на дозволи за работа и престој, открија потенцијална ситуација на особена ранливост на апликантите како нерегуларни мигранти без ресурси. Овие наводи укажуваат на тоа дека дури и ако се претпостави дека во времето на нивното вработување апликантите доброволно се понудиле за работа и добронамерно верувале дека ќе ја добијат својата плата, ситуацијата потоа може да се променила како резултат на однесувањето на нивниот работодавач. Во врска со тоа, релевантни беа и обвинувањата за претерано долги работни смени, недостаток на правилна исхрана и медицинска нега, како и општата слика за присилната и застрашувачка атмосфера во Сербаз. Судот сметаше дека сите горенаведени наводи, земени заедно, претставуваат издржано тврдење дека апликантите биле подложени на работа или служба под закана од казна и за која не се понудиле доброволно.

Покрај тоа, присутни се и трите составни елементи на трговијата со луѓе: фактот дека апликантите биле регрутирани во Босна и Херцеговина, донесени во групи во Азербејџан од страна на приватна компанија и сместени колективно во назначено сместување, кое наводно не можеле да го напуштат без дозвола од работодавачот, можело да претставува „регрутирање, транспорт, трансфер, засолниште или прифаќање лица" („акција"); информациите во Извештајот на АСТРА во врска со околностите на регрутирање откриле наводна ситуација која можела да резултира со регрутирање со помош на измама или залажување („средства"); заклучокот донесен во врска со издржаноста на нивното барање за „присилна или задолжителна работа" исто така ја обелоденил потенцијалната цел на експлоатација во форма на принудна работа („цел").

(б) Усогласеност со обврските

(i) Дали во конкретниот случај се појавила обврска за истрага – Судот утврдил дека тоа се случило, иако самите апликанти не поднеле формална кривична пријава бидејќи сметал дека нивното „издржано тврдење“ било доволно и постојано предочувано на релевантните домашни органи на различни начини, како што се писма со поплаки од страна на АМС до органите за спроведување на законот и неговото оспорување на неактивноста на органите пред домашните судови; граѓанската тужба на апликантите и барањата за правна помош. Во врска со последното, Судот истакна дека во контекст на позитивните обврски од членот 3 од Конвенцијата, кои беа слични на оние од членот 4 од Конвенцијата, доволно деталните информации содржани во меѓудржавното барање за правна помош, во врска со наводни тешки кривични дела кои може да се извршени на територијата на државата, примател на барањето, може да резултираат со „издржано тврдење“ пред органите на таа држава, повлекувајќи ја нејзината должност за натамошна истрага на овие наводи.

Азербејџанските власти, исто така, биле запознаени со извештајот на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата („ЕКРИ“) за Азербејџан за 2011 година, според кој многу работодавачи кои вработуваат работници мигранти во Азербејџан, вклучувајќи го секторот на градежништвото, прибегнувале кон практики на нелегално вработување и како резултат на тоа, мигрантите кои нелегално биле вработени, често биле подложни на сериозни форми на злоупотреба. Заклучоците од овој извештај биле подоцна продлабочени во извештајот на Групата експерти за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа („ГРЕТА“), во врска со спроведувањето на Конвенцијата за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа, од страна на Азербејџан. Во овој извештај се констатираше дека службениците за спроведување на законот во Азербејџан, наводно, имале тенденција да ги гледаат потенцијалните случаи на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација како едноставни работни спорови меѓу работникот и работодавачот, како и дека се чини дека има мешање меѓу

случаите на трговија со луѓе со цел трудова експлоатација и споровите во врска со платите и другите аспекти поврзани со работните услови. Иако општиот контекст опишан во двата извештаи е далеку од одлучувачки, тој бил релевантен во проценката на фактите од овој случај.

Со оглед на сето горенаведено, властите имаа обврска да дејствуваат по сопствена иницијатива преку започнување и спроведување ефикасна истрага.

(ii) Дали постоела ефикасна истрага? – Владата не доставила никакви информации или коментари за каква било истрага спроведена од домашните органи за спроведување на законот, со што не покажала дека била спроведена каква било ефикасна истрага за наводите на апликантите. Ниту од списите на предметот, вклучително и документите поднесени од третото лице, не произлегува дека таква истрага била спроведена. Меѓу другото, овие документи не содржат информации за какви било обиди да се идентификуваат и испрашуваат какви било потенцијални или веќе идентификувани наводни жртви, вклучително и апликантите. Доколку Секторот за борба против трговија со луѓе на Министерството за внатрешни работи знаел дека многу наводни жртви биле вратени назад во Босна и Херцеговина и бил информиран за кривичната постапка таму, можел да испрати формално барање за правна помош до властите на таа земја според Конвенцијата за заемна помош, со барање да ги идентификува и испрашува таквите потенцијални жртви и да достави копии од нивните изјави на азербејџанските органи за спроведување на законот. Покрај тоа, не било докажано дека имало какви било обиди да се идентификува и испрашува некое од наводно вмешаните лица кои биле државјани или жители на Азербејџан.

Со тоа тужената држава не ја исполнила својата процедурална обврска за поведување и спроведување ефикасна истрага за тврдењата на апликантите во врска со наводната присилна работа и трговија со луѓе.
Заклучок: прекршување на членот 4 § 2 според неговиот процедурален аспект (едногласно)
Член 41: 5 000 евра на секој од барателите за нематеријална штета; отфрлено барање во однос на материјалната штета.

Оваа публикација е изработена финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа преку заедничкиот проект „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија". Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

МКД

Советот на Европа е водечката организација за човекови права во Европа. Се состои од 46 земји членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, договор наменет за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човековите права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

www.coe.int

Земјите членки на Европската Унија се решија да ги поврзат своите знаења, средства и судбини. Заедно, изградија простор на стабилност, демократија и одржлив развој, при тоа одржувајќи ги културната разноликост, толеранцијата и слободите на поединецот. Европската Унија е посветена на споделување на своите постигнувања и вредности со земјите и луѓето надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ